

# Швајцарска програма за соработка со Македонија


Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

**State Secretariat for Economic Affairs SECO**




# Заложбите на Швајцарија за граѓаните на Македонија

Од 1992 година наваму, Швајцарија ги поддржува процесите на политичка, социјална и економска транзиција во Македонија. Оваа соработка се темели врз швајцарската традиција на солидарност и одговорност, и ја отсликува важноста што им ја посветува Швајцарија на стабилноста и просперитетот на Западниот Балкан. Денес, Швајцарија е меѓу најголемите билатерални партнери за соработка на Македонија.

Тековните цели, темите и работните модалитети на швајцарскиот ангажман во Македонија се дефинирани во документот насловен Стратегија на Швајцарија за соработка со Македонија 2017 – 2020. Оваа стратегија беше изработена во тесна соработка со нашите партнери во Македонија и беше одобрена од швајцарската влада. Буџетот за периодот 2017 – 2020 изнесува 76 милиони швајцарски франци.

Главната цел на Стратегијата на Швајцарија за периодот 2017 – 2020 година е да ја поддржи Македонија во процесот на реформите и во исполнувањето на европските стандарди, како и да изгради социјално инклузивна демократија и пазарна економија, истовремено обезбедувајќи ефикасно управување со природните ресурси.

Оваа цел е тесно поврзана со приоритетите и политиките за национален развој на Македонија, како и со реформите потребни за пристапувањето на Македонија во ЕУ, и со Агендата 2030 за одржлив развој.

Швајцарската програма за соработка за периодот од 2017 до 2020 година е фокусирана на три приоритетни области:
• Демократско владеење
• Вработување и економски развој
• Инфраструктура и животна средина




# Демократско владеење

Демократското владеење и културата на дијалог со граѓаните се од суштинска важност во градењето на социјално инклузивната демократија. Швајцарија ги поддржува централната и локалната законодавна власт во практикувањето на процесите на отчетни и инклузивни политики. Исто така, поттикнуваме динамично граѓанско општество со учество на граѓаните во локалните и регионалните процеси на одлучување.

# Вработување и економски развој

Инклузивното вработување и одржливиот економски раст се од клучна важност во создавањето попросперитетно општество во Македонија. Швајцарија им помага на лицата што бараат работа да се вработат и да се стекнат со потребните вештини. Ги поддржуваме новоосnованите, малите и средните претпријатија во нивниот раст и развој, како и во отворањето нови работни места. Нашата соработка со институциите придонесува кон ефективно макроекономско и фискално управување.



# Инфраструктура и животна средина

За да се обезбеди долгорочна перспектива за развој на Република Македонија потребно е да се заштити нејзиниот природен капитал - водата, земјиштето, биодиверзитетот. Швајцарија им помага на заедниците да користат поодржливи методи на производство. Ги поддржуваме централните и локалните власти во вклучувањето на животната средина во нивните планови за развој. Инвестираме во секторот на снабдувањето со вода, инфраструктурата за отпадни води и цврстиот отпад и ги поддржуваме комуналните претпријатија во обезбедувањето подобри јавни услуги.






# Начини на работа

Во спроведувањето на развојната програма, Швајцарија се раководи според официјалните договори со македонските власти и бара кофинансирање секогаш кога тоа е можно. Организациите на граѓанското општество се важни партнери за Швајцарија, бидејќи ги претставуваат потребите и желбите на луѓето. Партнерставата со приватниот сектор се негуваат како вектори за развој и иновации, особено во сферата на економскиот развој.

Нашата поддршка, главно, се обезбедува преку проекти што ги спроведуваат локални и меѓународни организации. При планирањето и спроведувањето на програмата, особено внимание посветуваме на трансверзалните теми како: родова еднаквост, добро владеење, социјална вклученост и чувствителност на конфликти.





**Контакт**

Амбасада на Швајцарија во Република Македонија

„Максим Горки“ бр. 19, 1000 Скопје, Македонија
www.eda.admin.ch/macedonia
е-пошта: skopje@eda.admin.ch
Tel: +389 2 310 33 40

*Стратегијата на Швајцарија за соработка со Македонија 2017 – 2020* е достапна на:
www.eda.admin.ch/countries/macedonia/en/home/international-cooperation/publications-multimedia.html